**20191532395**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 јули 2019 година.

Бр. 08-4300/1
24 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19), во член 28 ставот (4) по зборот „соработници” се додаваат зборовите: „или со вршењето на постојната дејност“, а по зборот „континуираност” се става запирка и се додаваат зборовите: „а по претходно утврдена потреба и простор од Министерството за здравство, како и склучен договор за уредување на меѓусебните права и обврски меѓу здравствените установи за начинот на вршење на специјалистичко-консултативните здравствени услуги”.

Ставот (8) се менува и гласи:

„Веднаш по склучувањето на договорот и издавањето на патниот налог од ставот (4) на овој член, а со цел Фондот да издаде одобрение здравствениот работник, односно здравствен соработник да го користи факсимилот при укажувањето на здравствени услуги во јавната здравствена установа со која е склучен договорот односно во која е упатен на работа, Министерството за здравство го известува Фондот кој здравствен работник, односно здравствен соработник ќе укажува здравствени услуги согласно со договорот или е упатен на работа со патен налог.”.

Член 2

Во член 104 став (2) во точката 4) зборовите: „и положен испит за директор” се бришат.

Член 3

Во член 105 ставови (2) и (5) во точката 4) зборовите: „и положен испит за директор согласно со овој закон” се бришат.

Член 4

Членот 106 се брише.

Член 5

Членот 106-а се брише.

Член 6

Членот 106-б се брише.

Член 7

Членот 106-в се брише.

Член 8

Членот 106-г се брише.

Член 9

Членот 106-д се брише.

Член 10

Членот 106-ѓ се брише.

Член 11

Членот 106-е се брише.

Член 12

Членот 106-ж се брише.

Член 13

Членот 106-з се брише.

Член 14

Членот 106-ѕ се брише.

Член 15

Членот 106-и се брише.

Член 16

Во член 147 став (1) зборовите: „за специјализациите што траат до пет години, специјализантот треба да работи во установата најмалку пет години, а за специјализациите што траат над пет години, специјализантот треба да работи во установата најмалку десет години” се заменуваат со зборовите: „во траење еднакво на должината на траењето на специјализацијата”.

Во ставот (3) зборот „петкратен” се за менува со зборот „двократен”.

Член 17

Во член 168 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Здравствени работници со високо образование од областа на медицината кои се корисници на пензија можат да бидат ангажирани во здравствените установи како консултанти и советници на здравствените работници вработени во здравствената установа, каде што таквото учество вклучува хонорар и/или патување.”.

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „ставот (1)” се заменуваат со зборовите: „ставовите (1) и (2)”.

Ставот (3) станува став (4).

Член 18

По член 178 се додава нов член 178-а, кој гласи:

„Член 178-а

Здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој е именуван за директор на јавна здравствена установа има право да ги врши работите и работните задачи на здравствен работник, односно здравствен соработник за обезбедување непрекинато вршење на здравствената дејност со работа со дежурство, за што има право на исплата на надоместоци согласно со колективен договор.“.

Член 19

Во член 186 став (1) точката 21) по зборот „налог” се додаваат зборовите: „односно склучен договор”.

Член 20

Во член 222 ставот (4) се менува и гласи:

„Цената на здравствената услуга извршена преку дополнителната дејност е составена од цената што ја покрива Фондот и надоместокот за тимот што ја врши услугата.“.

Член 21

Во член 223 став (1) алинеите 2 и 3 се менуваат и гласат:

„ - да спроведе најмногу 30 дијагностички постапки, секој работен ден по 17,00 часот и/или во сабота и/или недела и

- да изврши најмногу 30 специјалистичко-консултативни услуги, секој работен ден по 17,00 часот и/или во сабота и/или недела.“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Здравствената услуга извршена на осигурени лица преку дополнителна дејност во јавна здравствена установа во која се вработени здравствените работници што го сочинуваат тимот е на товар на Фондот, освен надоместокот за тимот, а здравствената услуга извршена на осигурени лица преку дополнителна дејност во приватна здравствена установа целосно е на товар на пациентот како осигурено лице. Пациентот како осигурено лице нема право да бара надоместок на трошоците за здравствената услуга извршена како дополнителна дејност во приватна здравствена установа од Фондот.“.

Член 22

Во член 312 во ставот (1) зборовите: „став (2)” се заменуваат со зборовите: „став (3)”.

Ставовите (27), (28), (29) и (30) се бришат.

Ставовите (31) и (32) стануваат ставови (27) и (28).

Член 23

Во член 313-б ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) се бришат.

Ставот (6) станува став (1).

Член 24

Здравствените работници со високо образование од областа на медицината и јавната здравствена установа што ја одобрила специјализацијата кои склучиле договор согласно со одредбите од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 38/1991, 46/1993, 55/1995, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007, 77/2008, 67/2009, 88/10, 44/11 и 53/11) и Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19) ќе ги уредат меѓусебните права и обврски согласно со одредбите од овој закон.

Член 25

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 17/16) членот 52 се менува и гласи:

„Здравствените работници со високо образование од областа на медицината кои завршиле стаж на специјализација и положиле специјалистички испит или завршиле стаж на специјализација до денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 17/16), а специјалистичкиот испит го положиле по денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 17/16) имаат право да се запишат на супспецијализација и да го спроведат супспецијалистичкиот стаж во согласност со плановите и програмите за супспецијализација на здравствените работници со високо образование од областа на медицината, како и да го полагаат супспецијалистичкиот испит согласно со прописите според кои го завршиле стажот на специјализацијата.“.

Член 26

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.